# 8ми Ден

## The Eighth Day

Митрополит Петар: Божикно послание

(стр. 2)



о. Гаврил: Старец Тадеј

(стр. 20)



Осветување на административната зграда во Св. Петка - Мил Парк



Осветување камен-темелник во Перт

www.mpceanz.org.au www.mocdanz.org.au

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ЕПАРХИЈА ЗА АВСТРАЛИЈА И НОВ ЗЕЛАНД

JOURNAL OF THE MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH DIOCESE OF AUSTRALIA AND NEW ZEALAND

Price $4.95 Inc. GST Година/ Year 12 Бр. /No. 52 Јануари/Март-January/March 2014

# 8-ми ДЕН

**МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА, ЕПАРХИЈА ЗА АВСТРАЛИЈА И НОВ ЗЕЛАНД**

ИЗДАВА:
**ЕПАРХИСКИ ЦРКОВНО-ПРОСВЕТЕН СОВЕТ**

Главен и Одговорен Уредник
*МИТРОПОЛИТ ПЕТАР*

Уредник
*протоерej Глигор Киселинов*

Техничка и јазичка корекција
*протоерej Глигор Киселинов*

Корица
*Петре Веселинов*



**Tel. (03) 9404 1166**
**E-mail:**
**revkiselinov@hotmail.com**
**Mobile: 0413 174 515**



**MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH,**
**DIOCESE OF AUSTRALIA AND NEW ZEALAND**

PUBLISHED BY:
**DIOCESAN CHURCH EDUCATIONAL COUNCIL**

Responsible Editor
*METROPOLITAN PETAR*

Editor
*Very Reverend Father Gligor Kiselinov*

Technical & Literal work
*Very Reverend Father Gligor Kiselinov*

Cover design
*Petre Veselinov*

WITH THE BLESSING OF THE PRESPA AND PELAGONIAN METROPOLITAN HIS GRACE PETAR


# Содржина


*Митрополит Петар - Божикно послание* ........ 2

*Репортажи*

*протоерej Веско Каранфиловски* - Осветување камен-темелник и полагање свети мошти за изградба на новата соборна црква „Св. Никола” во Перт ........ 5

*Игумен Гаврил* - Осветување на административната зграда при црквата „Св. Петка” во Мил Парк, Мелбурн ........ 9

Синаксар на Месопусната Недела ........ 10

*Игумен Гаврил* -Осветување на иконата на Св. Злата Мегленска во Вереби ........ 12

*Диме Мераковски*- Се обидуваат да наметнат компаниски закони и го поништат уставно-канонскиот поредок во МПЦ ........ 13

*Веронаука*

Church History ........ 15

*игумен Гаврил* - Старци - отец Тадеј ........ 20

*Старец Нектариј Виталис* - За зависта ........ 29

Вести ........ 31

Службен дел ........ 38


*Насловна страница:*
црква “Св. пророк Илија” - Фуцкрај

# † ПЕТАР

ПО МИЛОСТА БОЖЈА, МИТРОПОЛИТ ПРЕСПАНСКО-ПЕЛАГОНИСКИ
И АДМИНИСТРАТОР АВСТРАЛИСКИ И НОВОЗЕЛАНДСКИ,
НА СЕТО СВЕШТЕНСТВО, ПРЕПОДОБНО МОНАШТВО
И ВЕРНИТЕ ЧЕДА ВО ПРЕСПАНСКО-ПЕЛАГОНИСКАТА
И АВСТРАЛИСКО-НОВОЗЕЛАНДСКАТА ЕПАРХИЈА,
ИМ ИСПРАЌА МИР И БЛАГОСЛОВ,
ПОЗДРАВУВАЈЌИ ГИ СО РАДОСНИОТ ПОЗДРАВ

## ХРИСТОС СЕ РОДИ!

*Воплотувањето на Синот Божји е најголемата тајна на Божјиот домострој на спасението! „Најголемата новост од сите нови работи; единствената нова работа под сонцето"*

*(Св. Јован Дамаскин, 3: 1).*

**Возљубени чеда во Христа Богомладенецот!**

Денес е Божик, ден на Рождеството Христово, ден на исполнувањето на времето, во кој Бог Отец „Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има живот вечен" (Јн. 3: 16).

**Мир Божји - Христос се роди!**

Радувајте се и ликувајте денес! Денес, кога Светата Дева Го раѓа Оној што постоел од секогаш и земјата Нему, на Недостапниот, Му принесува пештера, и Ангелите Му пеат: „Слава на Бога во висините, а на земјата мир, меѓу луѓето добра волја", и пастирите Го прославуваат и се договараат: „Да појдеме во Витлеем и да Го видиме тоа што се случило", а мудреците со ѕвездата патуваат и му носат дарови; Да ликуваме! Да се радуваме! Да ја примиме радосната вест! И да ја пренесеме! Да ја соопштиме и да воскликнеме: Заради нас се роди Дете младо, Превечниот Бог.

**Возљубени празникољупци!**

Бог, знаејќи уште од вечноста за гревопаѓањето на луѓето, го одлучи, воплотувањето на Својот Единороден Син, Второто Лице од Света Троица, уште пред создавањето на светот, за спасение на човекот. Оваа Божја одлука е Тајна на Својата волја, Тајна на Своето благоволение што го беше положил во Себе од порано (Ефес. 1: 9-10). Тајна скриена и незнаена од ангелите, од векови.

Воплотувањето, Раѓањето како човек на Синот Божји е првата радосна вест - Протоевангелието, дадена на Адама и воопшто на целиот човечки род, веднаш по гревопаѓањето на Адама, и тоа, пред неговото изгонување од рајот. Раѓањето на Синот Божји, Кој е роден од Отецот пред сите векови и Собеспочетен Нему, а во последните денови од Света Дева Марија, како човек односно Богочовек, е предмет на пророштвата во Стариот Завет, на сите старозаветни Патријарси, на сите Пророци, па дури и на многумина другородци и други верци, како Валаам, и други. Значи, Синот Божји, како Син Човечки, и како Богочовек, го очекуваа, освен Израилот, и сите други народи на земјата.

Исаија вели: „Девица ќе зачне и ќе роди Син, и ќе му го дадат името Еманил" (Ис. 7: 14). А пророкот Михеј вели: „Ти Вит-

леєме, земјо Јудина, по ништо не си помал од владетелствата Јудини; зашто од тебе ќе излезе Водач, Кој ќе го пасе Мојот народ - Израил". А „Неговото потекло е од почетокот, од вечноста" (Мих. 5. 2).

Возљубени, сите пророштва и сите праслики што на таен начин ни говореа тогаш, денес ни зрачат во целата своја полнота и се исполнуваат.

**Мили наши духовни чеда во Богомладенецот Христа!**

Поводот за да се воплоти и да се роди Превечниот Бог на земјата, како Дете - Богомладенец Христос, беше гревопаѓањето на Адама и Ева и преку нив, на целиот човечки род. Он дојде да го спаси грешниот род човечки. „Он го зеде врз Себе она што беше полошо, за да ми го даде она што е подобро" (Акатист на Св. Благовештение).

Но, која беше причината за Неговото воплотување? Кој Го присили Оној, Којшто никој не може да го присили, да слезе и да дојде кај нас и да стане како нас, во сè подобен на нас, освен во гревот? Светото Божествено Писмо ни го дава одговорот: „Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не погине, туку да има живот вечен" (Јн. 3: 16).

Затоа ние, „многу љубов му должиме на Бога, Кој многу нè возљуби… О, љубов која ги исплаши ангелите, а луѓето ги вознесе на небеса и ропството на ѓаволот го уништи! Може ли некој да не Го љуби Таквиот Човекољубец? И кој може, отплатувајќи го овој голем дар, да успее да отплати барем малку од него? И безброј пати да умре, пак ништо не направил" (Св. Фотиј).

Од љубов, Оној што беше скриен за нас, сега нам ни се открива; од љубов, Невидливиот сега ни станува Видлив; од љубов, Недостапниот сега ни станува Достапен; од љубов, Страшниот некогаш, како што беше на планината Синај, од оган, од магла и од светлина обвиен, сега доаѓа во детски пелени повиен, и секој што сака да Го гледа и да зборува со Него, тоа може без страв да го прави. И сето ова, созерцавајќи го, од срце ја славиме неизмерната љубов, милост и кротост со кои Преблагиот, Премилостив и Човекољубив Бог слезе од небесата и се вочовечи. Оној што слезе на планината Синај, сега слегува во утробата на Светата Дева, во обична пештера се раѓа и во јаслите на бесловесните се положува.

**Возљубени чеда во Господа!**

Христос не го донесе Своето човечко тело и душа од небесата, туку ги зеде, воплотувајќи се, од Света Дева Марија. А сето тоа, преку телото да се доближи до смртта и да ја победи, затоа што Адам со телото згреши. Ова чудо на Рождеството на Христа Бога т.е. на воплотувањето, Тајна на домостројот по плот, како што ја нарекуваат некои богослови, ги надминува законите на природата и секој човечки ум. Во ова чудо, природата ја позајмува природата. Адам ја роди жената без жена, Бог создавајќи ја Ева од реброто на Адама; а еве, сега, Светата Дева, раѓа маж без маж, останувајќи и понатаму секогаш Дева. Со еден збор, Христос станува човек, но не престанува да биде Бог. Тој е и Бог, и Човек - Богочовек. Тој не е обожен човек, туку е Бог вочовечен. А сите ние, треба да станеме обожени луѓе, затоа што Синот Божји стана човек, за ние, луѓето, да станеме синови Божји.

**Браќа и сестри, во Христа Богомладенецот!**

Дева денес Го гушка во своите прегратки Богомладенецот Христа. Таа денес Го држи во прегратки Оној што вселената ја држи, и целата вселена не може да Го опфати Него, нејзиниот Творец. Да Го опфатиме ние со љубовта наша и да Го вселиме во срцата наши. Токму тоа е суштината на Тајната: со умот не можеш да ја сфатиш воцелост, но ја живееш во целост (Отец, Д. С.).

Да не тагуваме, но и да не се плашиме! Да застанеме со цврста вера! Да приста-

пиме со љубов и со цврста одлучност, да Го примиме и да Го прегрнеме Христа Богомладенецот, и да Му последуваме. Сите сме повикани на тоа! На никој човек под сонцето, не му е одземено тоа право! Ако некогаш Мојсеј доби заповед на планината Синај да го запре народот да се доближува и да ја види славата на Бога, за да не умре од толкавото откровение, спротивно на тоа, денес, сите нас, ангелот нè повикува и ни вели: „Не плашете се! Денеска Ви се роди во градот Давидов Спасител, Кој е Христос Господ; ќе најдете повиен Младенец, Кој лежи во јасли" (Лк. 2: 10-12). Ако таму, на Синај, народот трпереше и се плашеше од молњи и од глас од труби и од чад од планината, денес се смирува, се радува и се утешува, затоа што Христос се раѓа, во мирната ноќ на Божик. Наместо молњи и громови како тогаш, сега, доаѓањето на Бога го соопштува ѕвездата на небото и ангелската песна.

Да не се плаши срцето ваше. Многу искушенија на денешницата т. е. на почетокот од третиот милениум, се само молњи и громови, но сите искушенија се за спасение, а ние, православните христијани, Македонците и другите, Го имаме Сонцето на Правдата, Христос нашиот Бог, заедно со Беспочетниот Отец, и со Пресветиот и Благ и Животворен Дух. Сите закани што ни доаѓаат се само чад! А безнадежноста која, за жал, честопати ни изгледа безизлез, но не е тоа, е резултат на нашето паѓање во маловерие, и поради немањето доволно љубов кон Бога и кон ближните. Дајте му го на секој она што му припаѓа! На прво место, тоа е љубовта, а на второ, заслужената награда. Неценењето на трудот на ближниот, и неговото скратување, е грев кој вика кон небесата. И ближниот треба да стави доволно леб на масата за своите деца, а не да бега од родното огниште упатувајќи се кон непознатото, во туѓина, која најчесто значи и неповрат.

**Возљубени празникољупци!**

По 2000 години христијанство во Македонија, како одеднаш се доведовме до прашањето: Дали, и уште колку време, ќе се слави Христос на овие простори? Дали ќе опстои христијанството на овие простори, а заедно со тоа, и нацијата? Нè заплашуваат со цифри. Дали се тоа демографски, или економски цифри? Не смее да нè плаши туѓата демографска цифра, туку треба да нè заплашува нашата, т.е. нашиот мал наталитет, а не туѓиот голем наталитет. Па дури и да се случи и најстрашното, можеби после повеќе или помалку години, добро би било прашањето да го поставиме сега: Татковината не е залог та да се става на коцка, а да ја добие оној што има поголема бројка на зарот (демографска). Бог е над секоја бројка, та за Него, илјада години се како еден ден, а еден ден е како илјада години. А нам, сето потребно ќе ни се придаде, и нема да бидеме лишени од земните дарови, потребни за секојдневието во нашите семејства, доколку се богатиме, најнапред во Бога и го бараме Царството небесно. Затоа што, денес, ни се роди Цар, Христос Бог! Сите православни христијани, помирени едни со други и со разрешени гревови на исповед, да поитаме кон храмовите, да го примиме Пресветото Тело и Пресветата и Животворна Крв на Спасителот наш Господ Исус Христос, примајќи го Царот на мирот, и пеејќи Му: „Христос се раѓа, славете Го! Христа, Кој слегува од небесата, пречекајте Го!"

**Мир Божји!**

**Христос се роди!**

Ваш постојанен молитвеник пред Богомладенецот Христа,

Митрополит Преспанско-пелагониски и
Администратор Австралиски и
Новозеландски
**†Петар**

Божик 2013/2014 год.

*протоереј Веско Карафиловски*

# Осветување камен-темелник и полагање свети мошти за изградба на новата соборна црква „Свети Никола” во Перт

На 16 ноември 2013 година на празникот Обновување храмот на св. Георгиј, во прекрасниот крајокеански град Перт, Западна Австралија на 69 Angove St., беше осветен камен темелник и поставен со светите мошти за изградба на новиот соборен храм „Св. Никола”.

Овој ден беше долго очекуван и историски за верниците и парохијаните при МПЦО „Свети Никола” во Перт. Радоста започна на 12 ноември 2013 година, со пристигнувањето на Неговото Високопреосвештенство Митрополит Преспанско-пелагониски и администратор Австралиски и Новозеландски г. Петар од Република Македонија, на вонредна канонска визитација.

По традиционалниот дочек со леб, вино и вода во црковниот двор од кумовите Неделко и Спасија Петковски, се отслужи доксологија. Потоа се посети местото со Управниот Одбор, изведувачот на работата, парохискиот свештеник и присутните верници, упатства за завршните подготовки за денот на осветувањето камен-темелник и полагање свети мошти.

По Божја милост во храмот се отслужи Архиерејска Литургија, на којашто чиноначалствуваше Митрополитот г. Петар во сослужение на парохискиот свештеник протоереј Веско Карафиловски и гостинот од Мелбурн, поранешниот парохиски свештеник на оваа парохија протоереј Мирко Пешовски.

По Божествената Литургија, со литија се појде на



местото, кадешто надлежниот архиереј г. Петар, во присуство на голем број верници, го освети камен-темелникот за новата црква и положи свети мошти.

По чинот осветување, водителот на програмата Љупчо Танески, го покани претседателот Ламбе Војдиноски, од име на Црковниот Одбор да ги поздрави, гостите и присутните верници и парохијани, а воедно заблагодари за нивното активно присуство на овој историски настан.

Надлежниот архиереј одржа поучно слово, во коешто истакна дека тоа е историски ден за МПЦО „Св. Никола" во Перт и дека слави небесата и земјата, слави Перт, Австралија и Македонија.

Почесните гости одржаа поздравни говори, и тоа: Лидерот на опозицијата The Honourable Mark McGovan, претставникот на МЛА Ms Janine Marie Freeman, поранешниот градоначалник на City of Vincent Ms Alannah MacTiernan, The Honourable Deputy Mayor for City of Vincent Ms Roslyn Harley, Most Reverend Donald Sproxton, Auxiliary Bishop of Perth Archdiocese Catholic Church.

Со свое присутво нé почестија: Canon Dr Michael Evers од „St. Hilda's" Anglican Church, North Perth, отец Tom Maher од „St. Patrick's" Basilica - Fremantle, г. Steve Herceg од Season Funeral, г. Rob Bryant, Joe и Amanda од Purslowe Funerals North Perth, како и многу други ценети гости, на кои во име на МПЦЕАНЗ и МПЦО „Св. Никола", надлежниот архиереј Митрополитот г. Петар им подари благодарници.

Планот за градба на овој соборен храм беше подарен од Митрополитот г. Петар, направен сообразно со македонската архитектура од 12 - 14 век.

Му благодариме на Донис Пандески, кој е роден и израснат во Австралија, а воспитан во нашиот правос-



лавен дух македонски, кој го преработи планот по стандардите на мултикултурна Австралија.

Црквата, започна да се гради по 45 години, црковен литургиски живот на местото од црковната сала, со средствата од доброволните даренија на нашите верници и парохијани, и организираните црковно-парохиски каравани, а градежните работи ги изведува и раководи Цветан Младеновски, сопственик на AUSMAK HOLDING PTY LTD.

Литургискиот живот продолжува во постојната парохиска црква, сé до осветувањето на новата црква, а потоа, сегашната црква ќе се преуреди во црковна сала, за потребите на парохијаните и верниците.

Сенародната радост, прославата во чест на овој историски ден и чин се одржа во преполнетите простории на МНО „Вардар" во Малага. Водителите (младинците) Ангела Велевска и Гоце Силјаноски ги поздравија почесните гости, претставниците на сите наши ораганизации од Перт и пошироко, верниците и парохијаните со своите роднини и пријатели.

Пригодни говори одржаа: претседателот на МНО „Вардар" г. Благојче Глигуровски, претседателот на ЦУ на МПЦО „Св. Никола" г. Ламбе Војдиноски, и надлежниот архиерей Митрополитот г. Петар, кој во својата беседа ги устакна простувањето и помирувањето, којашто беше поздравена со бурни ракоплескања.

Парохискиот свештеник протоереј отец Веско Каранфиловски заблагодари на надлежниот архиереј г. Петар, протоереј Мирко Пешовски и кон сите присутни гости, а на претставниците од нашите организации и почесните гости им подели благодарници.






Посебно што треба да се нагласи за овој ден е присуството на нашите верници од сите возрасти, а помладата генерација прашува кога ќе биде готова нашава нова црква за наше свето венчавање. Кај сите гости радоста и милоста се гледаше од нивните лица и нивната дарежливост на овој ден на наддавањето на темелот за св. крст, 3 камења, 3 лопати, 3 мистрии, дарениjата, како и во центарот вкупно се собраа $102. 000 за изградба на новата соборна црква.

Овој ден го овековечија професионалните фотографи, сниматели и телевизијата како и поединечните сликања.

За традиционалното наше вкусно почестување: месено, солено и благо, се погрижија: готвачите, женските секции, поединци, семејства - со еден збор благодарни сме кон вредните раце на секоја наша баба, мајка, сестра и младинка, кои доброволно го подготвија и донесоа да бидат сите достојно почестени.

На крајот беше подготвено изненадување и воодушевување за сите присутни гости од младинката Марија Каранфиловска, која изработи торта во вид на Библија со лицето на новата црква и крстот.

Нека ни честит и благословен почетокот на градбата на нашата нова соборна црква, преку застапничките молитви на Свети Николај Чудотворец, архиепископ Мирликиски и дај Семилостив Боже, поскоро да се изгради и сите заедно да се радуваме на неговото осветување!

*Игумен Гаврил*

# Осветување на административната зграда при црквата „Св. Петка" во Мил Парк, Мелбурн

Во предвечерието на празникот Св. Атанасиј Александриски, Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Преспанско-пелагониски и администратор Австралиско-новозеландски г. Петар, ја освети новоизградената административна зграда при црквата „Св. Петка" во Мил Парк, Мелбурн.

Зградата е наменета за парохиските потреби во администрирањето и мисионерската дејност на оваа Црковна Општина, па и пошироко за Македонската Православна Црква, Епархија за Австралија и Нов Зеланд. Таа располага со канцеларија за парохискиот свештеник, сала за состаноци, сала за видеобим презентации, просторија за верска едукација на најмладите, кујна со голема трпезарија за потребите на парохијаните.

Со особено залагање на парохискиот свештеник протоереј Тоне Гулев и црковниот одбор при оваа Црковна Општина, сето ова се заврши, за Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Петар, при оваа канонска визитација, да ја освети. На осветувањето присуствуваа сите свештеници од Архиерејското намесништво на Викторија, Конзулот на Р. Македонија во Мелбурн г-ѓата Бети Коруновска, градителите и донаторите на зградата, црковниот одбор, како и дел од верниците при црквата.





Најпрво на Господ Бог, потоа на Неговото Високопреосвештенство и на сите оние кои учествуваа во изградбата на ова прекрасна здание, да изразиме голема благодарност.

Да се множат овие убави дела и за многу години!

# Синаксар - Недела Месопусна

*Кога ќе седнеш, Судијо на сите, да ја судиш сета земја, Удостој ме и мене да го слушнам овој глас: „Дојдете, благословени на мојот Отец!"*

Во овој ден правиме спомен на Второто и неподкупливо Христово пришествие, што божествените отци го одредија од две причини: прво, заради оние коишто знаат за Божјото човекољубие, па живеат мрзливо, велејќи: Бог е човекољубив, па кога ќе се ослободам од гревот (кога ќе се покаам), сум си ја завршил целата работа. Второ, потсетување на овој страшен ден се прави за да знаеме што нé очекува еден ден по смртта, та оние што овој живот го минуват во мрзливост и неодговорно, да се исплашат од она што ги очекува и да почнат да живеат добродетелен живот, и да не се надеваат само на Божјото човекољубие, но да знаат дека Бог е и праведен и дека ќе даде секому според неговите дела. Инаку, и душите на починатите треба да излезат пред Судијата. Затоа, овој празник на некој начин претставува и крај на сите празници, бидејќи тој чин - Страшниот суд, ќе биде конечен за сите нас.

Треба да се знае и тоа дека идната недела ќе се потсетиме и на почетокот на светот, и на паѓањето и изгонувањето на Адам од рајот. Денешниов, пак, ден е крај

на сите денови, како и на самиот свет. Од оваа недела се скусува храната (повеќе не се јаде месо), а нé повикува и на милостина кон ближните. Исто така, бидејќи со храна бевме истерани од рајот, и паднавме под осуда и проклетство, по примерот на Адам од наредната недела, се молиме Христос и нас повторно да нé воведе во рајот. И при Второто пришествие Христос ќе дојде во тело, но не како при Неговото прво доаѓање, тивко и без слава, туку со натприродни знаци и чуда, со силна светлина од небесата, за да биде познаен од сите; дека Он е тој што дојде и првиот пат, и родот човечки го избави, и дека самиот Тој ќе суди, според тоа кој колку зачувал од она што Он ни го дал. Кога ќе биде тоа пришествие? Никој не знае. Господ тоа го сокри и од апостолите. Тогаш ќе има некои предзнаци, што некои од светиите нашироко ги објаснија. Некои велат дека тоа ќе биде по седум илјади години! Пред Неговото пришествие, ќе дојде Антихристот и ќе се роди, како што вели св. Иполит Римски, од жена нечиста, божемна девојка, по потекло од Евреите, од племето Даново, кој беше дете на Јаков; и дека ќе оди меѓу народот како Христос, и дека ќе прави чуда, како што правеше и Христос, и мртви ќе воскреснува (види: 2. Сол. 2). Тогаш, се вели, ќе се открие синот на погибелта, со секоја сила и знаци и лажни чудеса. Впрочем, нема самиот ѓавол во тело да се претвори, како што вели Јован Дамаскин, туку човек кој ќе се роди од блуд и ќе го прими сето сатанско дејство, и ненадејно ќе се крене, и на сите ќе им се покаже како добар и кроток. Тогаш ќе има голем глад, на луѓето ќе им угоди, ќе се претстави дека ги знае и Божествените Писма, и ќе пости, и од луѓето ќе биде прифатен, и ќе се прогласи за цар; најмногу ќе го засака еврејскиот народ; ќе дојде во Ерусалим и храм ќе им подигне. На седум години пред него, како што вели пророк Даниил, ќе дојдат Енох и Илија, и на луѓето ќе им проповедаат да не го примат. Тој, пак, ќе ги фати, ќе ги мачи, најпосле и главите ќе им ги отсече. Оние што ќе живеат благочестиво, ќе мораат далеку да бегаат, по горите, каде што ќе ги искушуваат демоните. Оние седум години ќе се намалат заради избраните, а ќе има и голем глад, елементарни непогоди, за малку сите ќе изгинат. По сите овие работи, ненадејно, како молња од небото, ќе се случи пришествието Господово, а ќе му претходи чесниот Крст и огнената река, која сета земја ќе ја очисти од скверноста. Тогаш ќе биде фатен и Антихристот, и неговите слуги, и ќе бидат предадени на вечниот оган.

Кога ќе затрубат ангелите, ненадејно од сите страни на земјата сиот човечки род ќе дојде во Ерусалим, зашто е во средината на светот. Таму ќе им се суди на сите со души и тела. Со еден збор, Господ ќе ги одвои праведните од грешните: оние што правеле добро ќе отидат во вечен живот, а грешните во вечни маки, кои нема никогаш да престанат. Треба да се знае дека тогаш Христос нема да бара пост и сиромаштија, и чуда, иако се добри и тие, туку многу повеќе од овие - милостина и сострадание. Оти тогаш Господ, и праведните и грешните, ќе ги потсети на оние шест заповеди: гладен бев, и Ми дадовте да јадам; жеден - и Ме напоивте; туѓинец бев, и Ме примивте; необлечен бев, и Ме облековте; болен бев, и Ме посетивте; во затвор бев, и дојдовте при Мене. Ако ова го направивте на еден од овие мои најмали (браќа), Мене Ми го направивте (види: Матеј 24). Затоа секој треба да го направи она што може, според своите сили. И секој треба да исповеда (признае) дека Господ Исус е Христос (Месијата), за слава на Бога Оца. А маките, за кои зборува Св. Евангелие, се овие: таму ќе биде плач и крцкање со забите, црвот нивни нема никогаш да заврши, и нивниот оган нема никогаш да изгасне; како и она: фрлете го во крајната темнина. Црквата, пак, јасно учи дека праведните и светиите секогаш ќе бидат со Бога во Царството небесно, во вечната Светлина. А оние што овој живот го минаа далеку од Бога, во мрзливост и привремена храна, ќе одат во маки и темнина, лишени од Божјата светлина.

Со Твоето неискажливо човекољубие, Христе Боже, удостој нé и нас со Твојот посакуван глас, и придружи нé кон оние од Твојата десна страна, и помилувај нé. Амин.

*Игумен Гаврил*

# Осветување на иконата на Св. Злата Мегленска во црквата во Вереби, Мелбурн



Неговото Високопреосвештенство г. Петар, благоволи да присуствува на воскресната вечерна богослужба при Црковната Општина Света Злата Мегленска во Вереби, Мелбурн. Богослужбата ја водеше и проповедаше парохискиот свештеник о. Глигор Киселинов. За време на богослужбата, надлежниот Архиереј Митрополитот г. Петар ја освети иконата на св. Злата Мегленска која треба да стои над влезната врата. Иконата беше изработена во иконопиското школо “Свети Теофил Струмички”, кое функционира при манастирот на Св. Прохор Пчински во Донибрук.

По богослужбата, во црковната сала беше организирана донаторска вечер.



*Диме Мераковски*

# Се обидуваат да наметнат компаниски закони и да го поништат уставно-канонскиот поредок во МПЦ



Во декември 2012 г., делегати од т.н. „Македонски Црковни општини од Австралија", кои се вон јурисдикцијата на МПЦ, престојуваа во Скопје за средба со специјална комисија на МПЦ, за ѓомити расчистување на т.н. „Црковни проблеми во Австралија. Ги нарекувам таканаречени проблеми, бидејќи тие не се црковни, туку се расколнички дела кои ги делат верниците и создаваат раздор во Македонската заедница.

Од она што се дискутирало на споменатата средба и се дошло до некакво разбирање за разрешување на проблемите, делегатите од Македонските Црковни општини од Австралија инкорпорирани, по враќањето во Австралија, на нивно собрание во март 2013 г. се откажаа од договореното, обвинувајќи го САС на МПЦ за непристојност кон договорот. Во тој договор од 10-те точки, се открија чисто и јасно каде лежат проблемите и како можат да се решат, односно, „Македонските црковни општини од Австралија" предводени од Игор Александров, ги прифатија тие точки за да се имплементираат, и потоа да се создаде замислената втора Македонска Православна Епархија, под директна јурисдикција на САСд. Со таа намера беше назначен владиката Тимотеј како координатор за имплементирање на тој договор. За тоа владиката Тимотеј вели: по барањето на Александров, нема појдување во Австралија сé додека не се отстранат распопите од свештенослужение во црквите за коишто тој е назначен да координира. Значи, ако тие си останеа на договореното, проблемот ќе беше решен.

Тука ќе треба да се запрашаме дали Александров страда од болеста деменција, којашто не му дозволува да памти што решил и што направил во најблиското минато?

Сега повторно, после 11 месеци, Александров, како претставник на „Македонските Црковни општини од Австралија", појде во Македонија да бара нешто друго, поинакво од тоа што беше договорено: бара компаниските директори да усвојат владичко овластуване, односно да станат рамноправен дел со членовите на САС, за така да се изврши некаква реформа во МПЦ, и така таа да се претвори во некаква социјална секташка група во Австралија.

На неговата појава во јули 2013 г. преку Прес 24, Александров кажа дека со резолуции усвоени на 24 март 2013 г., барале членовите на Синодската комисија, вклучувајќи го и Архиепископот г. г. Стефан да ја посетат Австралија за директни преговори со сите општини при што би се постигнал конечен договор за сите „правни" спорови. Тој вели: „во тој договор би требало да биде вклучено усвојување на меѓусебно прифатен епархиски устав". А тоа значи: пола компаниски и пола црковен?

Значи Александров заборавил за што се зборувало и договарало помеѓу специјалната комисија на САС и делегатите на општините кои токму од него беа предводени на 12 декември 2012 г.?

Да напомнеме дека покрај Уставот и јурисдикцијата на МПЦ, беше договорено и за престанување да го блокираат воведувањето на Законот за старателство на МПЦ преку парламентарниот систем на Австралија.

За отстранувањето на распопите од црквите и заменување со свештеници од МПЦ, Александров вели дека распопените попови, биле незаконски распопени од владиката г. Петар и дека расчинувањето било неиздржливо пред австралиските закони. Зошто Александров нафрлува компаниски закони кои немаат ништо заедничко со црковните канони? Кога расчинувањето беше потврдено и одобрено од Синодот, тоа беше полнозаконско расчинување од врвот на МПЦ. Кој го избрал и овластил Александров да го оспорува канонс-кото право на САС во решавањето на црковно-канонското уредување и работење во МПЦ?

Помислете на логиката на овие т.н. „црковни" луѓе, коишто сакаат да ги заменат Светите канони и Уставот на МПЦ со компаниските трговски закони? А ако Поглаварот дојде во Австралија (како што бара Александров) за да ја видел на лице место положбата, значи ќе можат да го убедат дека тој погрешил за потврдата на расчинувањето на неморалните и недостојните попови и ќе им се извини и ќе ги помилува?

Александров, во име на „Македонските црковни општини од Австралија", зборува како да не е од голема важност неканонското вработување и работење со распопи во црквите коишто се надвор од постоечката Македонска Православна Епархија за Австралија и Нов Зеланд (за којашто Епархија Александров зборува дека не постоела).

Нивната непослушност кон каноните и уставот на МПЦ кулминира во 1997 г. со создавањето, односно регистрирањето на некаква си „Македонска Православна независна црква од Австралија инкорпорирана" во чиј устав се стипулира следното: „Црковната асоцијација е создадена надворешно и не ја признава јурисдикцијата на Македонската Православна Автокефална Црква создадена во 1967 г., со седиште во Скопје, Македонија". Тука ќе треба да се подвлече зборот „создадена", што значи како да немало, или тие не признаваат дека постоела Македонска Православна Црква пред тоа време? Зар тоа не значи дека сами не си го признаваат нивното вековно постоење?

Ако тоа „било" така, дали осветувањето во 1960 г., од Владиката Наум, на првата македонска црква во дијаспората, односно „Св. Ѓорѓи" во Мелбурн, беше осветена од немакедонски владика? За оваа црква, и покрај тоа што беше под компаниска администрација, сé до нејзиното затворање и продавање за фабрика во 1997 г., противниците на јурисдикцијата на МПЦ се држат како слеп за стап, ја сметаат како пример на Македонска црква и столб на опозицијата против МПЦ.

Во 2001 г., се направија амадмани на Правилникот на оваа компанија „Македонска Православна општина за Мелбурн и Вик.", од каде се отстранети насловите: Македонската Православна Црква Охридска Архиепископија, Свети Архиерејски Синод, Македонска Православна Епархија и Македонски Архиереј. Значи, тие немаат повеќе никаква врска со Светата МПЦ. За упатството и учење на Православната вера прифатија некаква „Источна Православна Деноминација".

Таков е нацртот кој Александров, со неговите работодавци се обидуваат да го наложат на македонските верници, и на тој пат и начин се отстрануваат од МПЦ за слободно да можат да ги прибираат паричните даренија од верниците за приватни компаниски или лични придобивки, како што Александров тоа го прави со прибирање $150.000 (сто и педесет илјади долари) годишно од црковните пари.

За такво устројство и таква Црква, се борат цели 50 години компаниските „Црковни општини".

*(continued from last issue)*

# Salvation History

## Holiness

The God of the Old Testament was the Holy God. The word holy means separate, different, unlike anything else that exists.

The Holy God of the Old Testament revealed Himself to His chosen people who were able to behold His glory. The glory of the Lord was a special divine manifestation of the Person and Presence of God. It consisted in the vision of light, majesty and beauty and was accompanied by the voice of the Lord and His holy angels. It created in the persons who observed it overwhelming feelings of fear and fascination, as well as profound convictions of peace, well-being, and joy.

In this way did Moses experience the Holy God in His divine glory on Horeb, the mountain of God., before the passover, and in the wilderness after the exodus from Egypt.

And the angel of the Lord appeared to him in a flame of fire out of the midst of a bush; and he looked, and to, the bush was burning, yet it was not consumed. And Moses said, "I will turn aside and see this great sight, why the bush is not burnt." When the Lord saw that he turned aside to see, God called to him out of the bush, "Moses, Moses!"And He said, "Here am I." Then He said, "Do not come near; put off your shoes from your feet, for the place on which you are standing is holy ground." And He said, "I am the God of your father, the God of Abraham, the God of Isaac, and tile God of Jacob." And Moses hid his face, for he was afraid to look at God (Ex 3:2-6).

Moses said, "I pray thee, show me thy glory." And He said, "I will make all my goodness pass before you, and will proclaim before you my




*Moses and the burning bush*




*Prophet Isaiah*

name 'The Lord'; and I will be gracious to whom I will be gracious, and will show mercy on whom I will show mercy. But," He said, "you cannot see my face; for man shall not see me and live." And the Lord said, "Behold, there is a place by me where you shall stand upon the rock; and while my glory passes by I will put you in a cleft of the rock, and I will cover you with my hand until I have passed by; then I will take away my hand, and you shall see my back; but my face shall not be seen." (Ex 33:18-23)

Other select persons of the Old Testament also experienced the presence of divine holiness and the glory of God. Abraham, Isaac, Jacob, Elijah, and Ezekiel had such experiences, as did Isaiah whose classic vision has become a standard part of the Church's liturgical prayer.

In the year that King Uzziah died, I saw the Lord sitting upon a throne, high and lifted up, and His train filled the temple. Above Him stood the seraphim; each had six wings: with two he covered his face, and with two he covered his feet, and with two he flew. And one called to another and said:

"Holy, holy, holy is the Lord of hosts; and the whole earth is full of his glory."

And the foundations of the thresholds shook at the voice of him who called, and

the house was filled with smoke, And I said: "Woe is me! For I am lost; for I am a man of unclean lips, and I dwell in the midst of a people of unclean lips; for my eyes have seen the King, the Lord of hosts!" Then flew one of the seraphim to me, having in his hand a burning coal which he had taken with tongs from the altar. And he touched my mouth, and said: "Behold, this has touched your lips; your guilt is taken away, and your sin forgiven." And I heard the voice of the Lord saying, "Whom shall I send, and who will go for us?" Then I said, "Here am I! Send me." (Isa 6:1-8)

The psalms also sing of the holiness of God and proclaim that all creation speaks of God's glory (see Ps 8, 19, 93, 104, 148, et. al.).

The main teaching of the Old Testament and the foundation of all of its life was that God's people should share in His holiness. This was the purpose of the entire Law of Moses in its commandments of morality and worship.

For I am the Lord your God; consecrate yourselves therefore, and be holy, for I am holy. You shall not defile yourselves with any swarming thing that crawls upon the earth. For I am the Lord who brought you up out of the land of Egypt, to be your God; you shall therefore be holy, for I am holy. (Lev 11:44-45)

The people were to be holy and to gain the wisdom and righteousness of God through their service and worship of Him. All of the so-called Wisdom writings of the Old Testament, and all of the teachings of the prophets and psalms are centered around this same fundamental fact: God's people should acquire and express the holiness, wisdom, glory, and righteousness of God Himself. This, and nothing else is the meaning and purpose of man's life as created and guided by God.

The ultimate perfection of God's purpose for man is fulfilled in Christ. He alone is the fulfillment of the law and the prophets. He alone is the "Holy One of God" (Mk 1:24, Lk 1:35, 4:34). He alone is perfectly righteous and wholly without sin. Thus, St Peter speaks of Jesus to the people after the event of Pentecost.

The God of Abraham and of Isaac and of Jacob, the God of our fathers, glorified His servant Jesus, whom you delivered up and denied in the presence of Pilate, when he had decided to release Him. But you denied the Holy and Righteous One, and asked for a murderer to be granted to you, and killed the Author of life, whom God raised from the dead. To this we are witnesses (Acts 3:13-15).

The apostle Paul concurs with the teaching of Peter by referring to Christ not merely as holy, righteous and wise, but as Himself the very holiness, righteousness and wisdom of God Himself in human flesh.

For Jews demand signs and Greeks seek wisdom, but we preach Christ crucified, a stumbling block to Jews and folly to Gentiles, but to those who are called, both Jews and Greeks, Christ the power of God and the wisdom of God.

He is the source of your life in Christ Jesus, whom God made our wisdom, our righteousness, and sanctification and redemption; therefore, as it is written, "Let him who boasts, boast of the Lord" (1 Cor 1:22-24, 30-31).

The glory of God is revealed in the person of Christ. This is the consistent witness of the apostles who beheld the "Kingdom of God come with power" on the mountain of the Transfiguration (see Mt 17:1-6, Mk 9:2-7, Lk 9:28-36).

And the Word became flesh and dwell among us, full of grace and truth; we have beheld His glory, glory as of the only Son from the Father (Jn 1:14).

Now if the dispensation of death, carved in letters on stone, came with such splendor that the Israelites could not look at Moses' face because of

its brightness, fading as this was, will not the dispensation of the Spirit be attended with greater splendor? For if there was splendor in the dispensation of condemnation, the dispensation of righteousness must far exceed it in splendor. Indeed, in this case, what once had splendor has come to have no splendor at all, because of the splendor that surpasses it. For if what faded away came with splendor, what is permanent must have much more splendor. Since we have such a hope, we are very bold.




*I am the bread of life. (John 6:35)*

And we all, with unveiled face, beholding the glory of the Lord, are being changed into His likeness from one degree of glory to another; for this comes from the Lord who is the Spirit.

For it is the God who said, "Let light shine out of darkness," who has shone in our hearts to give the light of the knowledge of the glory of God in the face of Christ (2 Cor 3:7, 18, 4:6).

In and through Christ, by means of the Holy Spirit, all men can share in the glory of God and become participants in God's own holiness.

His divine power has granted to us all things that pertain to life and godliness, through the knowledge of Him who called us to His glory and excellence, by which He has granted to us His precious and very great promises, that through these you may escape from the corruption that is in the world because of passion, and become partakers of the divine nature (2 Pet 1:3-4).

The participation of men in the "nature of God" already begins in the Church of Christ, the final fruit of the salvation history of the Old Testament. In the Church, the Kingdom of God is present which is "righteousness and peace and joy in the Holy Spirit" (Rom 14:17). In the Church of Christ already begins

that perpetual praise of the Holy God which exists now in the heavens and will fill all creation when Christ comes in the glory of His Kingdom at the end of the ages.

Holy, holy, holy, is the Lord God Almighty, who was and is to come! (Rev 4:8b).

And he said to me, "These words are trustworthy and true. And the Lord, the God of the spirits of the prophets, has sent His angel to show His servants what must soon take place. And behold, I am coming soon." Blessed is he who keeps the words of the prophecy of this book (Rev 22:6-7).

Let the evildoer still do evil, and the filthy still be filthy, and the righteous still do right, and the holy still be holy. Behold, I am coming soon, bringing my recompense, to repay every one for what he has done. I am the Alpha and the Omega, the first and the last, the beginning and the end. Blessed are those who wash their robes, that they may have the right to the tree of life and that they may enter the city by the gates. Outside are the dogs and sorcerers and fornicators and murderers and idolaters, and every one who loves and practices falsehood. I Jesus have sent my angel to you with this testimony for the churches. I am the root and the offspring of David, the bright morning star (Rev 22: 11-16).

He who testifies to these things says, "Surely I am coming soon." Amen. Come, Lord Jesus! The grace of the Lord be with all the saints. Amen (Rev 22:20-21)

*(to be continued)*



*Pentecost*

*Игумен Гаврил*

# Старци - отец Тадеј



Старец Тадеј е личност за која слободно можеме да кажеме дека е една од најомилените, ако не и најомилената личност во современото Православие. Во денешницава, навистина има многу преподобни отци кои се издвојуваат по нивниот подвиг, строгост, молитва, чудотворност или прозорливост, но старец Тадеј, едноставно, е мил човек кој никого не може ако го види, слушне или прочита, а да не остане така засегнат во душата и да не доживее благодатно умиление.. Неговата обожена личност буди радост, мир и спокојтво и се чувствуваш како да добиваш одговор на сите проблеми и дилеми во животот. Неговото благодатно и прозрачно лице плени и не можеш да останеш рамнодушен, а да не го засакаш Старецот и да го прославиш Бога.

Старец Тадеј се родил во село Витовница близу Петровац на Млава, како седуммесечно недоносенче, од прости родители, земјоделци, на 6/19 Октомври 1914 г. На крштевањето му го ставиле името Томислав. Бил крстен веднаш по раѓањето, затоа што не се знаело дали детето ќе остане живо, зашто едвај давало мали знаци на живот. Примајќи ја со крштението полнотата на дарот на Светиот Дух, Томислав и првпат прогледал со своите телесни очи. Како да сакал да каже дека сé во животот сака да гледа преку просветлени духовни очи.

Неговото детство не било многу среќно, затоа што рано ја изгубил својата мајка и бил одгледан најпрво од една, а потоа и друга маќеа, кои не обрнувале многу внимание на него и биле груби, па за да има мир знаел со корка леб во џебот, да бега од дома и да оди во блиската шума.

Татко му бил кроток и мирен, меѓутоа откако починала мајка му на младиот Томислав, тој се преженил за друга и со неа имал уште две деца. Тоа му паднало многу тешко на старец Тадеј, а уште потешко кога тој се оженил и по третпат, затоа што и втората жена му умрела, а се женел само за да има жена во куќата и да му ги гледа децата. Меѓутоа, маќеите грубо се однесувале кон младиот Томислав, на кого му било мака зошто неговиот татко не го земал под заштита и затоа знаел често да оди во блиската шума под едно дрво и се молел на Бога. Тој како болежливо дете и според своите физички предиспозиции бил малечок, слаб и со кревко здравје, по тоа се одвојувал од другите деца и затоа бил често навредуван. Го навредувале со зборови, го приморувале да јаде на сила, често му викале дека „ти не си за ништо, за џабе го јадеш лебот”. Го споредувале со физички поразвиените деца и го фрустриларе. Овие навреди, како младо детенце, силно го болеле и често се молел на Господ за утеха, молејќи му се: „Направи јас некогаш да бидам корисен за нешто”. Тој негов страв го измачувал и му се молел на Бога, а не знаел дека еден ден токму тој ќе биде оној што ќе поткрепува и помага на илјадници луѓе.

Подоцна знаел да се пошегува на своја сметка велејќи: „Па, од мене не може и ништо подобро да излезе, кога сум се родил на пазар”.

Уште како дете, старец Тадеј било мисловно дете, кое што знаел да се повлекува во себе и да размислува за многу работи во светот и да се моли на Бога. Додека другите деца си играле, неговите мисли често шетале на друго место, размислувајќи за многу побитни работи.

И уште од млади години тој ја сфатил лажливоста на овој свет и дека во него има само жал и тага и никако не можел да се пронајде во него. Затоа посакувал да се предаде на тивкиот Господ Којшто единствен ги теши страдалните души. “Кога видов дека ниту родителите, ниту роднините, ниту пријателите, ниту останатиот свет не дава ништо освен рани, повреди и болка, самиот одлучив повеќе да не живеам за тој свет, туку овие малку денови до смртта да ги посветам на Господ. Самиот увидов дека на светот нема никој вистински освен Господ” - раскажувал Старецот.

Старец Тадеј кога имал 15-16 години, се разболел толку многу лошо, што добил воспаление на белите дробови и морал да оди на болничко лекување. Неговата состојба и по триипол месеци во болница не се поправала. Тој бил вегетаријанец, бидејќи не можел да јаде мрсни пржени јадења, дури ни млеко, ниту пржени јајца. Заради тоа и болеста уште повеќе се влошувала. Докторите му припишувале лек со ризични последици за кои што тој не бил согласен да го прима, па дури и лекарите му се налутиле.

- Ти ќе не учеш нас како да те лечиме! Утре да дојдеш во антитуберкулозното одделение да ја примиш првата терапија!

„Па добро, си мислев во себе. Тешко дека ќе ме видете утре”. Прашувам:

- Колку долго ќе живеам без тие ваши лекарства?

Една докторка ми кажа:

- Ако сакаш да се покориш на нашиот совет можеби ќе оздравиш, а ако не, најдолго ќе живееш уште пет години.

„Значи - размислувам јас - не сте сигурни во моето оздравување од терапијата. Се помирив со својата состојба и тогаш одлучив за тие пет години на Бога да му послужам. Меѓутоа, се јави нов проблем. Моите родители не сакаа да се согласат со мојата одлука”.

Неговата внатрешна одлука никако не му давала мир, па сам на своја одговорност решил и заминал во манастир. Пошол во манастирот Горњак и стигнал на вечерна служба и му ја соопштил својата одлука на Игуменот и своите гледања и замисли за монашкиот живот.



Утредента, додека младиот Томислав ја целивал престолната икона, манастирскиот прислужник ги оставил виното, водата и просфорите во олтарот, излегол и му рекол:

- Вчера јас те слушав што разговараше со старешината и како го замислуваш монаштвото. Онака како што ти го замислуваш, нема да најдеш никаде во нашите манастири. Такво устројство можеш да најдеш само кај Русите во манастирот Миљково. Таму се собраа Русите кои избегаа од манастирот Валаам* во Финска.

Старецот Тадеј го послушал и пошол. Кога стигнал пред вратата, го пречекал еден монах, и овој му кажал дека сака да се виде со старешината. Монахот го однел кај старешината и понатаму, старецот за оваа средба вели:

- Ме одведе позади аголот. И тука гледам, старешината ја препојасал мантијата и гази кал помешана со плева. Ме погледна и ми рече:

- А ти сакаш да бидеш монах?

- Сакам, му велам јас.

- Па добро, еве, ја спремам бањата за браќата, - му одговорил старецот на манастирот Архимандрит Амвросиј. Тогаш им рекол на браќата да го однесат и да му дадат ќелија и да му дадат нешто за јадење да закрепне. Старец Тадеј поминал една недела во манастирот учествувајќи во активниот монашки живот со бденија, послушанија, молитва итн. После една недела, Архимандрит Амвросиј го прашал дали му се допаѓа овај живот и дали сака да остане, а старец Тадеј потврдил дека му се допаѓа и сака да остане.

Архимандритот Амвросиј му дал послушание кај отец Павле (Босанец од 70 години) да го чува лозјето. Тоа било неговото прво послушание.

Старец Тадеј заминал во манастир во 1932 г. на 18-годишна возраст во манастирот Миљково, каде што биле руски монаси водени од искусниот Схиархимандрит Амвросиј, кој што бил духовно чедо на прочуениот духовен отец преподобен Амвросиј Оптински. Тие овде со себе го донеле тихователниот дух на валаамското општожително монаштво, коешто го примиле од старците на Оптинската пустина. Во подвигот на очистувањето на срцето од страстите и праксата на непрестанатата умносрдечна молитва, во Миљковскиот манастир го практикувал строгиот валаамски (оптинско-светогорски) типик. Службите биле „руски", многучасовни, строго се постело, молитвеното правило било напорно, секој ден се служело Света Литургија, меѓутоа, сето тоа за младиот искушеник не претставувало тешкотија. Тој дури и во деновите на тешките болести се трудел потполно да го исполнува. За него голем пример во монаштвото бил Игуменот Схиархимандритот Амвросиј, којшто бил како живо сонце, имал непрестајна молитва и постојано живеел во сеќавање на смртта, околу себе ширел мир и радост на Царството Божјо. Од него бликала неизмерна љубов кон секого и никогаш не се случило да се разлути, ниту да му рече некој прекорен збор на некого од неговите монаси и искушеници. Имал големо трпение и простувал. Сета надеж ја полагал на Господа, како и проблемите и грижите околу манастирот и со својот жив пример ги учел своите браќа, како да ја стекнат и чуваат љубовта во секојдневниот живот и ревноста да му се служи на Бога и молитвата.

Тие негови добродетели и доблести му ги пренел на искушеникот Томислав и во неговата чиста душа се разгорела желбата кон божествената љубов,

---

* Во тоа време, во 1924 година, манастирот Валаам паднал под Финска, која била под Цариградската Патријаршија и морал да го прими новиот календар. Некои монаси не се сложувале со тоа и заради тоа биле протерани од таму.

која секогаш кај него останала како единствена мерка на вистинскиот живот. Првите манастирски денови на младиот искушеник „Томушка" (како што го нарекувале по руски), биле исполнети со голема ревност, радост и љубов. Тој понесен од мислата дека има уште 5 години од својот живот, не сакал да ги троши деновите бадијала и се насочил кон единствената цел - да го стекне Бога. Иако докторите му се заканиле дека ако не ја почитува терапијата ќе умре, напротив, неговото телесно здравје во манастирот се подобрило и тоа особено од постот. Меѓутоа, неговите нерви сеуште биле слаби, така што, поради својата телесна слабост и честиот умор, заспивал на послушанието. Во една прилика на своето прво послушание во лозјето, откако заспал, дошле крадци и го украле целото грозје. На тоа, ниту Игуменот, ниту пак некој од браќата му упатил укор, туку само го преместиле на друго послушание - сега да чува кози. И овде искушенијата не го оставиле. Еднаш читајќи Часослов, од умор заспал и на ова послушание, па добитокот се оддалечил и направил штета. И повторно не бил искритикуван, затоа што во манастирот владеела сеопшта љубов, преку која се стекнува „небото".



Сепак, најважната работа во манастирот покрај послушанието е молитвата. Му дале бројаница и го научиле како да се моли со Исусовата молитва. Старец Амвросиј му рекол:

- Што и да работиш, непрестано говори во себе: Исусе, Сине Божји, помилуј ме.

Тој тоа послушание како дете го примил во своето срце и постојано го практикувал и после извесно време забележал дека заедно со воздухот кој го вдишува молитвата влегува во срцето и со текот на времето таа самата почнала да се извршува внатре во срцето и така младиот искушеник постанал наследник на исихастичкото предание на црквата на непрестајното практикување на умосрдечната молитва. Таа состојба старец Тадеј ја нарекувал „безплатна благодат, состојба на неиска-жлив мир и радост". Старец Тадеј за тоа кажувал:

- Само оние кои што ја стекнале бесплатната благодат, можат да знаат каква е состојбата на ангелите и светиите. Знаат какви биле претходно, се лутеле, а сега лутина нема, не постои човек кој може да те навреди, ниедна негативна мисла не може да ти наштети... зашто си ограден, раководен од Духот Свет. Тогаш можеш да ја разбереш состојбата на Пресвета Богородица, која што од утробата мајчина, па до крајот на земниот живот и во веч-носта, била во потполна Бо-жја благодат.

Предавајќи го сето свое срце и ум без недостаток на Исусовата молитва, под опитното водство на старец Амвросиј, тој за кратко време напреднал многу брзо, ја примил таа „бесплатна благодат", благодатна состојба на мир и радост во Духот Свет; благодатта на дејствување на Царството Божјо и несотворените енергии Божји во умот и срцето. Таа благодат Божја ја приближувала непрестано молитвата и таа непрестајно тивко и радосно ја слушал внатре во срцето: „Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме грешниот!" Состој-

ба на чист и просветлен ум и неопислив мир, радост и копнеж за Бога, состојба на ангелите и светиите.

Старец Тадеј често сакал да размислува за таквата состојба и се интересирал како Светите Отци го чувствувале тоа и успевале да ја сочуваат таа бесплатна благодат до крајот на својот живот. Сфатил дека за да се зачува таа благодат Божја може единствено само преку подвигот на стражарење и собирање на умот во срцето,преку подвигот на непрестајната молитва. Царството Божјо е внатре во нас, но живо и дејствително го стек-нуваат само подвижниците на умното стражарење и не-престајната молитва.

За деновите на старецот Тадеј, тогашен искушеник Томислав, поминати во Миљковскиот манастир, вредно е да се каже дека тој тука се сретнал со јеромонахот, а подоцнежнен владика и светител Јован (Максимович) Шангајски и Сан Франциски, кој во тоа време бил професор во Битолската Богословија во Македонија, а овде го поминувал неговиот летен распуст затоа што и Св. Јован Максимович потекнува од Миљковскиот манастир и често биле на заеднички послушанија и она што останало во сеќавање на старецот Тадеј е дека Св. Јован особено сакал да му раскажува за житијата на светиите и Светите Отци, коишто очигледно добро ги познавал. Често така знаеле да се显 расприкажат, за што и отецот економ Петар, понекогаш ги прекинувал и потскарувал.

Во манастирот, старец Тадеј научил добро руски, којшто подоцна го искористил при изучувањето на Светите Отци, достапни само на руски јазик.

А особено по смртта на старецот Амвросиј, во Мај 1933 г., останувајќи без опитен духовник, одговорите на неговите прашања: која е вистинската смисла на христијанскиот живот, ги барал кај Светите Отци и тогаш сфатил дека совршенството на христијанскиот живот е во крајното смирение.

- Светите Отци велат - непрестајно повторувал старец Тадеј - дека идеалниот христијански живот не е во правењето чуда, исцелување болни, ниту воскресение на мртви, туку во крајното смирение.



*Манастир Миљково*



*Манастир Горњак*

Така, целокупниот живот на старец Тадеј бил во непрестајниот подвиг на стекнување на совршенството на христијанскиот живот - крајното смирение.

После упокојувањето на младиот старец Амвросиј, Игуменот Миљковски, дошло до судир и недоразбирање кај неговите наследници, за тоа кој да биде нов Игумен на манастирот. Тој го назначил неговиот собрат Исакиј, со кого биле заедно искушеници кај опитниот старец Амвросиј во Оптина. Меѓутоа, се наметнал отец Лука, собирајќи потписи од браќата, а во меѓувреме пак, нивниот Владика, епископот Јован, бил преместен во Нишката Епархија, а на негово место бил поставен владиката Венијамин, којшто немал точен увид на внатрешната состојба од братството и, го поддржал о. Лука. И тогаш, отец Антониј, кој што бил собрат на старецот Амвросиј, заедно со искушеникот Томислав несогласувајќи се со новите збиднувања на братството, одлучиле да заминат во манастирот Горњак, каде што старешина бил отец Серафим, исто така Русин, од Полска. Тука искушеникот Томислав бил замонашен со монашко име Тадеј и по две години бил ракоположен на 26 Февруари/10 март 1935 година, а на 19 мај/1 Јуни, бил ракоположен во јероѓаконски чин.

Потоа бил преместен во манастирот Раковица, кадешто по позив на патријархот Варнава завршил иконописка школа и се запознал со тајните на богословието на иконописот. По завршувањето на иконописната школа, не продолжил да се занимава со иконопис пора-

ди здравствени причини, бидејќи не можел да иконописува во затворени простории, затоа што неговите оштетени нежни бели дробови не можеле да го поднесат испарувањето на бојата.

1937 година била годината за која лекарите му „прорекле” дека ќе биде година на неговата смрт.

Но, следната година, на 21 јануари/3 февруари 1938, во манастирот Раковица отец Тадеј, од страна на патријархот Гаврил Дожиќ, бил ракоположен за јеромонах, и тоа најмлад јеромонах во манастирот. Истата година бил преместен во Пеќката Патријаршија и таму се сретнал со неочекувани потешкотии. Во тоа време почнува да се појавува комунистичкото движење во бившата Југославија. Јеромонахот Јован Зечевиќ, кој бил управител на манастирот од 1939 до 1941 година, со уште неколку монаси, биле симпатизери на комунизмот и овде доаѓале. Бидејќи отец Тадеј не бил комунист, често му се заканувале дека кога ќе дојдат комунистите на власт, ќе го убијат. Во 1941 година, кога избила Втората светска војна, отец Тадеј со преостанатите четворица пеќки монаси, се вратиле во манастирот Раковица, бегајќи пред теророт на шиптарските балисти.

Првите години од војната биле многу тешки. Затоа, тој сакал да премине во банатската Епархија, каде што имало подобри услови, за и така, тешкиот живот. Меѓутоа на железничката станица во Белград бил уапсен. Бил приведен од германските специјални служби, под изговор дека оди во Банат за да организира комунистички ќелии. По макотрпните и долги испитувања бил отпуштен поради недостаток на докази.



*Манастир Раковица*

По излегувањето од притвор, о. Тадеј се вратил во Витовница. Но и овде човекомразецот (ѓаволот) не го оставил на мир. Командантот на тоа место му понудил да работи во служба на комунистичката партија. Во тоа време најстрашно било да ѝ кажеш „не” на „Партијата”. Младиот јеромонах Тадеј, не се исплашил за својот живот, па храбро ги одбил, со изговор дека нема благослов од Владиката.

Во 1943 година во Петровец, Германците повторно го апсат и осудуваат на смрт затоа што веќе го имаат евидентирано поради претходното апсење. Тогаш старец Тадеј мислел дека нема излез. Го нападнале тешки очајнички мисли. Еден ден така лежејќи на креветот и измачуван од тешките мрачни помисли дека му нема спас, пред него во ќелијата се појавил еден висок прекрасен човек со златна лента на градите.

## Тивок сведок на тивкиот Спасител

Духовничкото служење на старец Тадеј Витовнички за спасение на бедниот народ Христов, пред сé, било сведочење на целокупната подвижничка и литургиска духовност на црквата, која не е ништо друго туку Светиот Дух, Којшто во телото Христово (Црквата) дејствува со несоздадената енергија заради очистување, просветлување и обожување на секого, кој со својот живот тежнее кон тоа. Духовникот, според благословот на Црквата, води кон Христос, кон соединување во телото Христово, за човекот, живеејќи со подвижнички и светотаински живот, да се излечи од паднатоста, смртноста и гнилежоста. Значи, не лечи духовникот, туку Духот Свет: „со Божествената енергија, чиј извор е нестворен и откриен во личноста на Исуса Христа”, во воплотениот Спасител.

Човекот може духовно да го излечи, очисти, просветли, спаси и обожи исклучиво живиот Бог - Св. Троица. Но Бог, тоа не може да го направи без човечка соработка и таа таинствена соработка е всушност самата содржина на православниот црковен живот.

Старец Тадеј беше опитник на сите степени на подвижничко-светотаинското восовршување на благодатното сеучилиште на Духот Свет, за кое преку устата на Св. Максим Исповедник, говори преданието на Црквата, а тоа се степените: очиступањето од страстите (практична философија), просветлување на умот и срцето (природно созерцание) и обожување, т.е. живо богопознанско заедничарење со Св. Троица (мистично богословие). Тоа им е опитно познато на сите оние коишто се имаат сретнато со старец Тадеј, со него разговарале, кај него се исповедале и од неговата рака примиле Св. Причест. Од најсмерните зборови на старецот, кадешто тој зборува во трето лице за општење со св. ангели и светителите, препознаваме дека старецот бил опитник и на овој највозвишен „мистичен степен на духовно совршените, на оние коишто со тоа се богослови на Црквата”, коишто, по зборовите на митрополит Јеротеј Влахос: „обожениот човек општи со ангелските сили; бива удостоен на гледање на нестворената светлина; со Духот Свети им се откриваат длабочините Божји, ја примаат нестворената Енергија Божја. На ваквиот човек му се откриваат многу тајни на Св. Писмо, кои им се скриени на другите луѓе...”.

Потполно стоејќи во филокалиската матица на преданието на Црквата, старецот Тадеј за свое време го посведочи опитот и живото богословие на Св. Отци во поглед на спасението - обожението на човекот како личност по образот и подобието Божјо, како боголико битие на бескрајно преумување и умносрдечното стражарење, според зборовите на Св. Отци: „Нашето спасение не можеме да го стекнеме на друг начин освен да го измениме нашиот ум и го направиме поинаков... особено со дејството на силата Божја, така што умот да постане обожен, т.е. бестрасен и свет. Значи, обожен бива оној ум кој во себе внатре го

има Бога и стално се сеќава на Господа. Знаејќи дека Он е во нас и ние во Него, ние се движиме како риби во вода, во Господа. Он е насекаде, и така ние пливаме, а штом мислено излеземе (од Него), ние духовно умираме".

Поминувајќи го овој пат на преданието на Црквата преку трите степени на духовниот живот и стекнувањето на умносрдечната молитва, старец Тадеј постанува заедничар на живото и вечно предание на Црквата и на тој начин зрачи: болните ги лекува, слабите ги подига, нажалените ги утешува и на сите им дава сé што им е потребно според Св. Дух. На тој начин старец Тадеј станува тивок сведок на тивкиот Спасител.

## Сé е мисла

Сé е мисла, и сеќавањето е мисла, ние сме постојано во мисли. Нашите мисли, сепак, не се тајни. Јавни се. Тие се покажуваат преку нашиот живот. Штом некој помисли за нас, гледаме што мисли, што сака, какви мисли ни упатува. Самите гледаме и не треба никој да ни каже дали некој нé сака и почитува или не. Тоа се чувствува, зрачи од човекот. Значи и човековите карактерни особини се изградуваат преку мислен пат, такви сме со какви мисли се занимаваме.

Да се потрудиме според тоа за овој краток живот, со Божја помош, да изградиме благородни карактерни особини. Господ вели: Царството небесно нема да се појави овде или онде. Тоа е внатре во вас и меѓу вас, а тоа се: правда, мир и радост.

Старозаветниот народ не можел да ја прифати безграничната љубов Божја. Со самото тоа тој не можел да ги прими ни Неговите заповеди, од коишто и произтекло познатото зло: заб за заб и око за око. Денес дури и во Христијанството, а да не зборуваме за останатите религии, се држиме за тоа старозаветно правило преку кое сме и понатака опкружени со зло. Опкружени сме со многу непријатности во животот, кои што го разоруваат нашиот внатрешен мир.

> Човекот може духовно да го излечи, очисти, просветли, спаси и обожи исклучиво живиот Бог - Св. Троица. Но Бог, тоа не може да го направи без човечка соработка и таа таинствена соработка е всушност самата содржина на православниот црковен живот.

Не можеме ни на својот роден брат да му простиме, а камоли на другите.

Ете, гледате што правиме ние. Штом се занимаваме со зли мисли, и ние стануваме зли. Не вреди ништо што ние самите се сметаме за добри, ако во нас го задржуваме злото (не простуваме) а ние христијаните не смееме ни во себе да помислиме зло, а колку повеќе да го претвориме во дело. Тоа значи дека немаме сила да се спротивставиме на него.

Во нас, меѓутоа, постои божествена сила, божествен живот и божествена енергија. Давајќи отчет пред Бога на денот на Страшниот Суд, мораме да положиме и сметка за тоа како таа божествена сила, енергија и живот, кои ни се дарувани, сме ги употребувале. Дали сме придонеле хармонија во вселената или дисхармонија.

Нашите мисли не само што делуваат на нас и на словесните битија, животинскиот и растителниот свет, туку влијаат и на вечноста. Ние со своите мисли не само што го пореметуваме мирот на земјината кугла, туку го умножуваме злото во вселената. Целиот човечки род го бере плодот од своите мисли и желби. Заради тоа, прво човечкиот род морал и да биде потопен со вода заради своите зли желби и зли мисли. Па, ете, и ние пак толку многу сме заглавиле во злото и не можеме да се ослободиме, повторно да ни се приближува тоа време. Единствен излез, со Божја помош, е промената одвнатре од срце.

Бидејќи во нас е божествената енергија, со целокупното свое битие треба да се приклучиме на Централниот Живот - на Господ, за таа енергија да добие сила Божествена, а не да се приклучуваме на злото. Според тоа, да се свртиме кон доброто, за во нас и околу нас

да биде добро. Ако се занимаваме со добро, со божествените мисли, ќе имаме свој внатрешен мир. Потоа тој мир ќе зрачи преку нас и ете промени. Секој оној кој што не е вклучен во злото, во некои свои земни амбиции кои што му го пореметуваат мирот и го оптеретуваат, ќе го почувствува тој мир.

Една душа во секоја средина може многу да придонесе, посебно, тоа е домаќинлук на куќата. Тој треба да се труди своите мисли секогаш да ги усредоточи на мир, на тишина. Своите грижи и своите неволји треба на Господа да му ги предаде.

Господ на Себе ги зеде сите наши грижи и неволји и рече дека Тој ќе се грижи за тоа што ќе јадеме, што ќе пиеме и во што ќе се облечеме, и ние така грчевито се држиме и ствараме немир во себе, во својата фамилија и во сите околу нас.

### Да го воспоставиме прво мирот во себе

Кога сум оптеретен со грижите и кога сакам своите манастирски, куќни, грижи, да ги носам на себе и да не му ги предадам на Господа, еве ме мене и моите браќа - неволјите. И најлесната работа тешко оди. А кога сите свои грижи, и на своите браќа, ги предадам на Господа и најтешката работа со леснотија се извршува. Нема оптеретување и браќата се меѓу себе тивки и мирни.

Гледате ли колку нашите мисли се страшна сила. Моќ која пореметува и ни дава мир. Кога е така, тогаш да се потрудиме да се воспостави мирот во нашата куќа, фамилија, држава...

Ние најпрво треба да воспоставиме мир во себе па тогаш ќе има и мир надворешно околу нас. Додека не воспоставиме мир во себе, нема мир ни околу себе. Ако домаќинот нема мир, го нема ни семејството, а сето тоа е заради неговите мисли. Заради тоа себе и своите ближни треба да се предадеме на Бога и непрестано да се молиме. Бог е енергија, сила и моќ, радост и утеха и кога и да го побараме. Он ќе ни го даде Својот Божествен мир. Со молитвата ја црпиме божествената сила во себе.

*(продолжува)*

*Старец Нектариј Виталис*

# За зависта




Човекот, драги мои браќа, почнува да старее не тогаш кога ќе му побелее косата, туку тогаш кога ќе му поцрни срцето! Не смееме да го тргнеме од ум тоа дека не постојат само телесни болести. И душата може да боли и да се разболи. Една од душевните, и тоа една од најсериозните болести, е зависта. Колку ли само несреќа, колку ли трагедии меѓу луѓето предизвикала зависта!…

Телесната болест можеме да ја откриеме врз основа на видливите симптоми. А според симптомите, кои ја издаваат зависта, лесно го препознаваме човекот, кој живее под нејзината власт. На крај, големо проклетство, големо безумие и голем злочин е да се завидува на другите луѓе. А што, всушност, е зависта? Кога некој се жалости и се јаде заради среќата на другиот, заради неговите доблести и



напредувања. Истовремено се труди на секој начин и со кое било средство сето тоа да го расипе, да го уништи. Гледате, на пример, кога некој пожолтува, се онерасположува, се буни и трепери кога ќе види или чуе нешто за напредокот, добродетелите или убавината на друг човек, тој сосема сигурно во душата ја има зависта. Не сака другите да бидат среќни. Не може да ги гледа како напредуваат, како се возвишуваат и стануваат подобри од него и затоа со сите средства и на секој начин се обидува да му ја затруе радоста, да му го намали успехот. Кога би било можно завидливиот човек да ја има молњата на располагање и кога би можел да ја фрли - само тоа, се разбира, никој да не го забележи - на куќата, на делата на луѓето на кои им завидува, и сето тоа да го сруши и уништи… Тоа сигурно со голема злоба би го направил! Но, кога веќе тоа не е возможно, завидливиот пронаоѓа и користи едно друго оружје - клеветата, која е чедо на зависта. Човекот, на кој му завидува, може да покаже некоја, па и најмала, несовршеност во карактерот. Завидливиот ги занемарува сите други доблести и својот поглед го насочува само кон тоа слабо место. Го зголемува, го развива и тогаш им го сервира на другите… Па дури и неговата жртва да не покажува ниту најмала видлива маана или слабост, завидливиот ја создава од ни од што. Неговата болна фантазија го измислува или го создава она што не постои.

Го прашале еднаш еден мудрец кои очи гледаат подобро: сините, црните или смеѓите. Тој одговорил: завидливите! Очите на завидливиот човек го гледаат и она што е најситно. Го гледаат дури и она што… не постои. Само едно не гледаат: доброто! Ма го гледаат и тоа, но погрешно, затоа што не можат да ја поднесат неговата блескавост… Завидливите клеветници се како муви, кои не се грижат за целото здраво човечко тело, туку доаѓаат и застануваат на раната. Оној кој завидува на доблестите и вредноста на другиот и се труди да ја уништи, со тоа покажува дека не ја сака добродетелноста. Напротив, ја мрази, не може во себеси да поседува складност, префинети чувства, душевна убавина.

Како секоја страст, така и зависта го замаглува и помрачува човечкиот разум до таа мера, што е во состојба да ги изврши и најголемите злодела. Онаа сатанска енергичност што ја покажува завидливиот човек, само за да ја уништи добродетелноста, убавината, возвишеноста, остава силен впечаток и предизвикува страв. Не пропушта ниту една прилика да го понижи, да го разжалости и да го повреди понекогаш зад грб, а понекогаш во лице, човекот против кого што се свртува неговата завист. Ќе се труди да оцрни и со клевети, со лицемерие и злоба да ги изврти и најпростодушните постапки на човекот кому завидува. Клеветата и лицемерието се драгоцено оружје

на завидливиот. До каде, навистина, може да отиде завидливиот? До какви изобличувања и до какви злосторнички заблуди?... Праведниот да го обележи како неправеден. Невиниот како виновен. Спасителот како измамник! Јунакот како предавник! Добродетелниот како убиец! Речено е дека зависта е најправедна, но и најнеправедна страст. Навистина е најнеправедна, затоа што ги ранува невините и простодушни срца. Но, и најправедна е, затоа што дење и ноќе како црв ја јаде утробата на завидливиот.

Браќа мои, ајде да си ги покоруваме себеси своите најубави чувства. Ако ги оставиме незауздени, ќе нé одведат во страст и во најдобар случај, едноставно ќе згасне насмевката од нашите усни, а другите ќе ги направиме несреќни. Никогаш не треба да отвориме уста, за да кажеме нешто лошо за својот ближен. И никогаш не смееме да слушаме нешто лошо за својот ближен, ниту било што лошо да гледаме во својот ближен! Ако на својот животен пат сретнеме некој величествен, вистинска слава, јунаштво, среќа, талент, добродетел, да не допуштиме во нас да се роди црвот на зависта, да ни ја сотре душата, да ја изгубиме радоста и да смислуваме што да направиме сето тоа да исчезне.



Илјада пати е подобро душата да ни ја исполни восхитување и ликувањето да ѝ даде крилја на нашата душа. И тогаш спонтано ќе прошепнеме два слатки збора за создателите, чинителите на добро. Колку ќе им значи таа наша изјава и колку тоа служи за заедничкото добро! А потоа, тоа исто восхитување и тоа исто ликување ќе нé вдахнови, ќе нé побуди и ќе пробуди во нас копнеж и сила да дејствуваме и да се воздигнеме високо!

(превземено од Маран Ата)

# Масакар на Христијани во Сирија (08/11/2013)

Коментар: Крвта на мачениците е семе за нови христијани! Нека нивните души Господ Бог ги упокои таму каде што нема болка и тага!

Најсериозен и најголем масакар на Христијани во Сирија. 45 луѓе се убиени и 1.500 фамилии беа држени како заложници соопшти Сириската Православна Црква од Хомс.

Настанот се случил во античкиот сириски град Садад кој се наоѓа североисточно од главниот град Дамаск една недела по 21 октомври од кога беше окупиран од анти-Асад исламисти, пред да го врати под своја контрола сириската армија.

Црковните лица велат дека 45 луѓе се убиени без причина, а меѓу нив неколку деца и жени, а многумина биле фрлени во масовни гробници.

Уште 30 цивили беа ранети, а 10 сеуште се водат како исчезнати. Околу 1.500 фамилии беа заложници и беа држени како човечки штит пред налетот на владините трупи, и 2.500 луѓе го напуштија градот.

*(превземено од: Денешен Весник)*

# Дамаск: Девет деца убиени во напади врз христијански квартови (13.11.2013)



Единаесет деца се повредени во напад врз училиште, а 16 лица во нападот врз црква. Засега никој не презеде одговорност за нападите.

Девет деца се убиени, а 11 се ранети во минофрлачки напади врз христијански квартови во Дамаск. Една од мините експлодирала во близина на училиштен минибус во стариот дел на градот, при што загинале пет деца, а 27 лица се ранети.

Четворица ученици се убиени во напад врз автомобил, што се движел кон христијанската населба Баб Шарки. Возачот, исто така, загинал во нападот.

*(извор: Телеграф.мк)*

# Откриени се нетлените мошти на романскиот „расчинет" свештеник (11/12/2013)

Откриени се нетлените мошти на познатиот романски антикомунист и антиекуменист отец Георги. Монасите од манастирот „Петру Вода" бараат Синодот на Романската Црква да го канонизира, иако о. Георги бил расчинет од истиот тој синод и своевремено не го прифатил расчинувањето, туку продолжил да служи.

Пред неколку денови во романскиот манастир Петру Вода според востановениот црковен обичај се изврши есхумација на моштите на о. Георги Калчу - Димитреса (1925-2006).

Според Романската црковна традиција, тоа се изврши после седум години од денот на неговото упокојување - 21 ноември 2006 г. Моштите на подвижникот се нетлени.

Моштите се најдени нетреулежни, со што се потврдила светоста на неговиот живот.

Познатиот романски свештеник и дисидент во времето на диктатурата на Чаушеску, о. Георги Калчу Димитреса, се упокои во клиниката во американската држава Вирџинија, на старост од 80 години.

Отец Георги беше симбол на спротивставувањето на диктатурата на комунистичката власт во Романија - тој отворено ја заштитуваше Верата, без да стравува од затворот, гонењата и смртта.




Поминувајќи многу години по затворите на својата татковина, отец Георги бил ослободен после интервенцијата на американскиот претседател Роналд Реган во 1983 г. заради американските геополитички причини. После тоа бил принуден да замине во САД.

Во 1989 г. тој станал настојател на романската црква „Светиот Крст Господов” во Александрија, држава Вирџинија.

Дури после падот на Чаушеску во 1990 г., отец Георги доаѓа во Букурешт каде што врши молебен на еден од плоштадите и покрај присуството на „Секуритате” и после тоа често се враќа во романската земја.

Во 2006 г. започнува да гради нов храм за романската паства во округот Вашингтон на брегот на реката Потомак во државата Мериленд. Не му беше дадено да го види завршувањето на храмот, зашто се претстави на Бога на 21. ноември 2006 г. во својата американска парохија, а според заветот неговото свето тело беше вратено во Романија.

Бил расчинет од водството на Романската Православна Црква во 1984 г. заради политички причини, но тоа расчинување верните не го прифатиле и продолжил да служи во Америка.

Зборови на отец Георги за екуменизмот:

- Екуменистичкото движење е акција иницирана од нашите современици кои се обидуваат да ги изедначат религиите и нациите, акција која што масонеријата ја промовира веќе подолго време. Јас сум против екуменизмот и тоа го сметам за најголема ерес на нашиот век.

- Екуменизмот се обидува духовно да ги изедначи вероисповедувањата, изедначувајќи ги духовно до најниското ниво и особено да го уништи Православието.

- Екуменизмот се обидува со некои „благородни” идеи: да се љубиме едни со други. Зошто би го спореле тоа? Да имаме заеднички молитви, зашто божем заедничките молитви го наоѓаат патот до Бога и на тоа слично. Тоа се работи кои се идолатриски илузии! Ѓаволски илузии!

- Сé повеќе и повеќе го гледам говорот против екуменизмот и сé повеќе и повеќе оваа света опозиција доаѓа до ушите на верните.

*(превземено од Премин-портал)*

# Во Русија стигна големата светиња - Даровите на мудреците од исток на Богомладенецот Христос!

Даровите на мудреците се едни од малубројните реликвии врзани за земниот живот на Христос која е сочувана до денешни дни. Според преданијата, Богородица, непосредно пред своето Успение ги предала на две девици - свои роднини.

Даровите на мудреците од Исток за Христа во московскиот храм на Христос Спасителот започна поклонението на великата сехристијанска реликвија која што по прв пат е изнесена од Грција.

Даровите ги сочинуваат три златни плочки со тенки филигрански шари, на кои со сребрени нитки се прицврстени монистра од мешавина на темјан и смирна.

Тие често шират неовоземен миомирис, кој повеќе се засилува кога светињата се изнесува од манастирската ризница кон средината на храмот, за да можат верниците да им се поклонат.

На даровите на мудреците после Москва, верниците ќе можат да се поклонат во Сант-Петербург (во Новодевичкиот манастир до 17 Јануари), а потоа во Домот на Милосрдието во Минск (18-24 јануари) па во Киевско-Печерската Лавра (25-30 јануари).

Светињата ја пречека Патријархот Московски и на цела Русија, кој се поклони заедно со илјадниците верници .

„За прв пат Божикната Литургија ја држиме покрај најголемата сехристијанска светиња. Овие подароци грижливо ги чувала Дева Марија. За прв пат во историјата пристигнаа и во Русија" - рекол поглаварот на РПЦ.

Ковчегот со Даровите на мудреците ја следи делегација на монаси од Атос на чело со познатиот духовник архимандритот Партениј (Мурелатос) кој што веќе половина век живее на Света Гора. Говорејќи пред новинарите, архимандритот Партениј изразил надеж де-



ка светињата ќе му „донесе добро на Русикиот народ”.

„Во ова е вложен голем труд. Се подготвувавме речиси две години за светињата да стигне до тука” - забележа тој.

Во чест на донесувањето на светињата во Русија, монасите на Троица-Сергиевата лавра ја „напишаа” иконата „Поклонување на мудреците” која ќе ѝ ја подарат на грчката делегација во знак на благодарност од руските верници.

Верниците ќе можат да ги целиваат Даровите на мудреците од 7 до 13 јануари од 8.00 до 22.00 часот.

А веќе на 14. јануари ковчегот со Даровите на мудреците ќе биде пренесен во Сант-Петерсбург каде ќе бидат достапни за поклониците во Новодевичкиот манастир до 17 јануари.

Потоа, светињата ќе биде пренесена во Домот на Милосрдието во Минск (18 - 24 јануари), па во Киевско-Печерската Лавра (25 - 30 јануари).

Даровите инаку со специјален авион се пренесени од Солун во Москва.

Ова е прв пат големата светиња да ја напушти грчката земја, каде што се чува дури од петнесетиот век во манастирот на Свети Павле на Атос.

На аеродромот во Внуково - реликвијата ја дочекале претставниците на владата на Москва, руското свештенство и раководството на Фондот на Василиј Велики кој го организирале преносот на светињата.

Ковчегот со Даровите на мудреците со молитва беа внесени во зградата на аеродромот, каде што се отслужи молебен. Први, светињата ја целиваа свештениците и вработените во аеродромот.

*(превземено од Премин-портал)*

# Започна поробувањето на луѓето!

## АЛАРМАНТНО: Чипувањето на новороденчињата во Европа тргнува од месец мај 2014?!

Ако може да ѝ се верува на италијанската интернет страница Corrieredi Roma it, но и според некои германски и француски извори, оваа година Европа, но и останатиот свет ќе се соочат со исполнувањето на најстрашното Библиско пророштво. Станува збор за „жигот на ѕверот” проречено во книгата на Откровението, а според кое луѓето ќе бидат присилени да го вградат во своето тело. Токму ова го најави порталот како факт за мај оваа година.

Иако за чипувањето на луѓето и порано е пишувано и се претпоставувало така, општо е познато дека во Америка веќе со години чиповите се тестираат на одредени групи на луѓе (психијатриски болни, затвореници...) и други луѓе кои доброволно се согласиле да примат чип во своето тело.

Неговото масовно имплементирање, иако најавено и одобрено уште од пред неколку години, секогаш е попречувано или се одвивало во тајност со образложение дека тоа е само - вакцина!

Оваа страница го најавува чипувањето на новороденчињата овој пат на просторите на Европа и тоа заедно со вакцината којашто новороденото дете ја прима првиот ден по раѓањето во болницата.

Можеби и тоа е причината за законски задолжителното вакцинирање во Хрватска, зашто наскоро ќе се воведе и чипување, па нема смисла да се дотерува тој закон дополнително!

Застрашувачки е тоа што оваа страница има потполно афирмативен став кон чипот и го претставува како добар полициски помагач.



Чиповите во телата на новородените деца ќе се вградуваат, како што наведуваат, заради сé поголемиот број изгубени деца, а чипот би требало да помогне во нивното пронаоѓање, но и заради полесно купување и продавање и пренос на податоци.

Микрочиповите, кои ќе се вградуваат под кожата на секое родено бебе, всушност, се мали технички картички (како зрно роза) на кои ќе бидат испишани, ама баш сите податоци за детето, но и со поставен ГПС уред кој што ќе мора да се полни секоја втора година во болница и покрај кого ќе бидат инсталирани ГПС системи.

Овој микрочип директно е поврзан со сателит, така што оној кој го носи никако не ќе може да побегне во сопствената приватност - никогаш!

Ќе се вградува во сите јавни болници  и на сите бебиња во ЕУ и тоа потполно бесплатно, но ако родителите го сакаат тоа.

Но, како да им се верува дека потајно нема да им се вградуваат и на оние бебиња чии што родители тоа не го сакаат?

Ќе се имплементираат на подрачјето на десниот лакт под кожата. Но, според оваа страница, но и другите информативни медиуми, микрочипувањето е веќе одамна започнато.

Да се чипуваат заради сопствена „сигурност” на подрачјето на Европа сега можат и возрасните и децата кои тоа го сакаат. Но, од мај оваа година, секое бебе ќе биде изложена на можност на чипување, но и заплашувањето на родителите кои заради таа лажна „сигурност”, која што ја претставуваат како причина за чипот, навистина би можеле масовно да се согласуваат на ова монструозно етикетирање на човечкото суштество.

Што друго да се каже, освен - Започна!

Чипувањето на луѓето, знак е дека Библиските последни времиња се во полн ек и дека против тие знаци потребно е да се бориме со сета сила. Имено, колку тоа нам страшно да ни звучи, факт е дека чипувањето на луѓето е врв на злото од кое сите се плашат, а кое едноставно кога - тогаш, мораше да се појави.

Моќта, контролата и потполната власт над човекот  веќе подолго време се многу видливи во нашето општество, а чипувањето на идните генерации е потполно остварување на тој зол план усмерен против човекот.

Секако, и чипот е претставен како мерка на сигурност , зашто тој би требало да го спречи киднапирањето на децата, но и бегствата на затворениците!

Еднакво како и сите закони кои се изгласани во последните години во целиот свет, а кои се претставени како заштита на човекот од човекот. Тоа е потполна лага!

Тие, (елитите) се оние заради кои децата масовно исчезнуваат, кои вршат „дил” со органи , кои се занимаваат со педофилија и со ритуални злоставувања на децата и кои сега ги поставуваат овие закони со цел да се зароби целото човештво.

Еднаш, кога ќе го дозволите чипот во своето тело, треба да знаете, тоа тело веќе не е ваше, зашто не можете да бидете сигурни дека некој не управува со вашите движења, со вашите  мисли и дела.

Чипот е врвот на одземањето на човековата

слобода и тоа е најужасното од сé.

Родени сме од Бога слободни и секој оној кој што ќе се обиде таа слобода да ни ја одземе, да знаеме, не е од Него (од Бога).

11. И видов друг ѕвер како излегува од земјата. Тој имаше два рога како кај јагне и зборуваше како змев.

12. И со сета власт на првиот ѕвер тој дејствуваше пред него и ја тераше целата земја и жителите нејзини да му се поклонат на првиот ѕвер, чија смртна рана се беше исцелила;

13. и правеше големи чуда, па дури и оган да симнува од небото на земјата пред луѓето.

14. И ги мамеше жителите земни со чудата, што му беа дадени да ги врши пред ѕверот, велејќи им на жителите земни да му направат лик на ѕверот, кој што имаше рана од меч и остана жив.

15. И му се даде да вложи дух во ликот на ѕверот, та да прозборува тој и да направи да бидат убиени оние, кои нема да му се поклонат на ѕверовиот образ.

16. И ќе направи на сите - мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови - да им се стави белег на десната рака или на челата нивни,

17. та никој да не може ни да купува, ниту да продава, освен оние, што го имаат тој белег, или името на ѕверот, или бројот на името негово.

18. Тука е мудроста. Кој има ум, нека го пресмета бројот на ѕверот, бидејќи е број на човек, и бројот му е шестотини шеесет и шест. (Откровение по Јован, (глава 13, 11 - 18).

*(превземено од Премин-портал)*

# Украинската црква продолжува да се моли за мир (20.01.2014)



Утрово монасите на Киев-Печерската Лавра о. Гаврил, о. Мелхиседек и о. Ефрем застанаа на улицата „Хрушевского" во Киев со Крст и икони меѓу демонстрантите и полицијата за да престане конфронтацијата. Тие застанаа како миротворци, и не завзедоа страна, ги зедоа своите молитвеници и како светилници се издигнаа и застанаа помеѓу двете конфронтирани страни и се молеа на Бога да го запре ова безумие... и сите заедно со народот ја пееја „Христос воскресе" и „Да воскресне Бог".

После моливите настана целосно затишје и молк и настана Чудо. Како сите да паднаа на колена и се освестија од големото масонско-сатанско-европско лудило. За многуилијадниот напатен православен украински народ ова беше Божјо Чудо. Но, имаше и еден мал број кој и понатаму обземени со нечестивиот и не беа свесни што се случуваше... Да се потсетиме... Насилничките судири меѓу демонстрантите и полицијата започна на 19 јануари, по неуспешниот обид да го пробијат полицискиот кордон демонстрантите го блокираа излезот на зградата на Врховниот Суд на Украина. Демонстрантите бараа укинување на законите донесени на 16 јануари. Да се помолиме Господ да ја избви Украина од „евромасонската-ѓаволска замаеност".

*(превземено од Премин-портал)*

# Чудо во женски манастир во Сајднаја, Сирија (07.02.2014)



Агенцијата OCP News Service (Меѓународна православна служба за Христијански Новости) соопштува за чудото на Пресвета Богородица во еден од манастирите во Сајднаја. Случката ја раскажала една сириска христијанка, која неодамна била во посета на оваа обител.

Чудото се случило минатиот месец, кога група терирости го затрупала со ракети еден од тамошните манастири. Монахињите во манастирот на Пресвета Богородица чуле страшна бучава и почувствувале силни вибрации од ракетниот фрлач. Биле убедени дека некоја ракета ќе ги убие и ќе го уништи манастирскиот комплекс. Меѓутоа, бидејќи ништо од тоа не се случило, се заинтересирале за "судбината" на ракетите.

Неколку дена подоцна манастирот го посетил еден од воените генерали на сириjската војска, за да им пренесе честитки за Божик и Нова Година. Во текот на разговорот, офицерот поставил прашање дали манастирот во последно време доживеал некаква необична случка, на што монахињите му раскажале за ракетите кои бунтовниците ги фрлиле на манастирот, а кои не им предизвикале никаква штета.

Офицерот бил крајно изненаден кога чул за овој инцидент, а потоа изјавил дека, иако не го видел самото лансирање на ракетите насочени кон манастирот, сепак со другите луѓе видел нешто сосема чудно и необично. Ракетата речиси стигнала до манастирот, кога одненадеж од манастирот се појавила жена облечена во син одар и, земајќи ја ракетата во раце, ја фрлила настрана. Сите кои го виделе тоа, останале зачудени.

Генералот се заинтересирал која би можела да биде таа жена облечена во сино, околу која се шири необична благодат. На крајот сфатил дека не може да биде никој друг, туку самата Пресвета Дева Богородица - Мајката на Господ Бог и Спасителот наш, Исус Христос.

*(превземено од Мараната)*

# Македонска Православна Црква, Епархија за Австралија и Нов Зеланд

**БОГОСЛУЖБИ:**

Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Преспанско-Пелагониски и администратор Австралиски и Новозеландски г. Петар, богослужеше Божествена Литургија и проповедаше:

на 12. 11. 2013 г. - *Св. апостоли Клеопа, Терциј, Марко, Јуст и Артем; Св. маченици Зиновиј и Зиновија* - Доксологија во

храмот "Св. Никола" 69Ангове Ст., Перт;

на 15. 11. 2013г. - *Св. мч-ци Акиндин, Пигасиј, Анемподист, Автониј, Елпидифор и др. со нив* - (вечерна) во храмот "Св. Никола" 69Ангове Ст., Перт;

на 16. 11. 2013 г. - *Св. свешт.мч. Акепсим еп. Наесонски; Пренос на моштите на св. вмч. Георгиј (Ѓурѓиц)* - во храмот "Св. Никола" 69 Ангове Ст., Перт;

на 16. 11. 2013 г. - *Св. свешт.мч. Акепсим, еп. Наесонски; Пренос на моштите на св. вмч. Георгиј (Ѓурѓиц)* - (вечерна) во храмот "Св. Никола" 69 Ангове Ст., Перт;

на 17. 11. 2013 г. - *Преп. Јоаникиј Велики; Св. свешт.мч. Никандар, еп Мирски и Ермеј презвитер* - во храмот "Св. Никола" 69 Ангове Ст., Перт;

на 20. 11. 2013 г., - *Св. мч. Јерон со дружината; Преп. Лазар Галасиски* - (вечерна) во храмот "Св. Никола" во Престон;

на 21. 11. 2013 г. - *Св. Архистратиг Михаил; Св. Ангел Лерински* - во храмот "Св. пр. Илија" во Фуцкрај;

на 23. 11. 2013 г. - *Св. ап-ли Ераст, Кварт, Родион, Сосипатар и Терциј; Св. мч. Орест* - (вечерна) во храмот "Св. Петка" во Мил Парк;

на 24. 11. 2013 г. - *Св. вмч. Мина; Преп. Теодор Студит* - во Соборната црква "Рождество на Пресв. Богородица" - Сиднам;

25. 01. 2014 г. - *Св. мч-чка Татјана* - (вечерна) во Соборната црква "Рождество на Пресвета Богородица" во Сиднам;

26. 01. 2014 г.- *Св. мч-ци Ермил и Стратоник* - во Соборната црква "Рождество на Пресвета Богородица" во Сиднам;

27. 01. 2014 г. - *Св. рамноап. Нина* (вечерна) - во Манастирот "Св. Прохор Пчински" во Донибрук;

28. 01. 2014 г. - *Св. Прохор Пчински, Св..Гаврил Лесновски* - во Манастирот "Св. Прохор Пчински" во Донибрук;

29. 01. 2014 г. - *Чесни вериги на Св ап. Петар* - (вечерна) - во црквата "Св. Никола" во Престон;

30. 01. 2014 г. - *Св. Антониј Велики* - во црквата "Св. Петка" во Мил Парк;

30. 01. 2014 г. - *Св. Антониј Велики* - (вечерна) во црквата "Св. Петка" во Мил Парк;

31. 01. 2014 г. - *Св. Атанасиј Велики* - во црквата "Св. пр. Илија" во Футскрај;

01. 02. 2014 г. - *Преп. Макариј Велики; Св. Марко Ефески* - (вечерна) во црквата "Св. Злата Мегленска" во Вереби;

02. 02. 2014 г.- *Преп Ефтимиј Велики; св. мч-чки Ина, Пина и Рина* - во црквата "Св. Димитриј Солунски" во Спрингвејл;

07. 02. 2014 г. - *Св. Григориј Богослов* - (вечерна) во црквата "Св. Христово Воскресение" во Рогдаел;

08. 02. 2014 г. - *Преп. Ксенофонт; Св. Јосиф архиеп. Солунски* - во црквата "Св. Василиј Велики " во Њукастел;

08. 02. 2014 г. - *Преп. Ксенофонт; Св. Јосиф архиеп. Солунски* - (вечерна) во црквата "Св. Христово Воскресение" во Рогдаел;

09. 02. 2014 г. - *Пренос на моштите на св. Јован Златоуст* - во црквата "Св. Петка " во Рогдаел;

11. 02. 2014 г. - *Пренос на мошт. на Св. Игнатиј Богоносец* - (вечерна) во црквата "Св. Богородица – Пречиста" во Ливерпул;

12. 02. 2014 г. - *Св. Три светители: Св. Василиј Велики, Св. Григориј Богослов и Св. Јован Златоуст* - во црквата "Св. Богородица – Пречиста" во Ливерпул;

13. 02. 2014 г. - *Св. Бесребр. Кир и Јован; св. мч-ка Трифена* - (вечерна) во црквата "Св. Христово Воскресение" во Рокдајл;

14. 02. 2014 г. - *Св. мч. Трифун* - (вечерна) во црквата "Св. Христово Воскресение" во Рокдајл;

15. 02. 2014 г. - *Сретение Господово* - во манастирската црква во градба "Св. Петка" во Кембла Грајнц;

15. 02. 2014 г. - *Сретение Господово* - (вечерна) во црквата "Св. Климент Охридски" во Порт Кембла;

16. 02. 2014 г. - *Св. Симеон Богопримец* - во црквата "Св. Климент Охридски" во Порт Кембла.

**ПОСЕТИ, ПРИЕМИ, СРЕДБИ, РАБОТНИ СОСТАНОЦИ, СОБРАНИЈА И СЕДНИЦИ:**

Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Петар, ги посети, ги прими, се сретна, и присуствуваше:

на 13. 11. 2013 г., - седница со Управата на МПЦО "Св. Никола" – Перт и изведувачот на градбата на црквата, Цветан Младеновски;

на 18. 11. 2013 г., - седница со Управата на МПЦО "Св. Никола" – Перт и изведувачот на градбата на црквата, Цветан Младеновски;

на 20. 11. 2013 г., - прием на конзулот на Република Македонија, г-ѓа Бети Коруновска во просториите на Светата Митрополија во Футцкрај;

на 23. 11. 2013 г., - присуствуваше и раководеше со Генералното собрание во МПЦО "Св. Петка" во Мил Парк;

на 24. 11. 2013 г., - седница на Епархискиот Управен Одбор (ЕУО) во просториите на Резиденцијата во Каролајн Спрингс.

**ТРЕБИ, ЧИНОДЕЈСТВА И ОСВЕТУВАЊА:**

Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Петар благоволи:

на 16. 11. 2013 г., - да освети камен-темелник на новата црква "Св. Никола" – Перт, З. Австралија;

на 22. 11. 2013 г., - да ги освети работните простории на Македонската Хуманитарна организација во Мелбурн;

на 23. 11. 2013 г., - да ги венча, Перо и Билјана Стојаноски во манастирската црква "Св. преп. Наум Охридски" – Роклин;

30. 01. 2014 г. - ги освети работните простории при црквата "Св. Петка" во Мил Парк;

15. 02. 2014 г. - ги освети темелите за параклис на манастирското место во Кембла Грајнџ.




**ПРЕДАВАЊА, ПРОМОЦИИ И ИНТЕРВЈУА:**

Неговото Високопреосвештенство Митрополитот г. Петар благоволи:

на 14. 11. 2013 г. - да даде интервју на радио-станицата Радио Мак-ФМ 103.3 Малага, Перт;

на 20. 11. 2013 г. - да одржи предавање во Македонскиот Православен Центар при МПЦО "Св. Никола" во Престон, на тема "Зошто не одиме во црква";

08. 02. 2014 г. - предавање на тема „Како не треба да се молиме", во црквата "Св. Воскресение Христово" - Рогдаел;

11. 02. 2014 г. - предавање на тема „Како не треба да се молиме", во црквата "Св. Богородица Пречиста" - Ливерпул;

24. 01. 2014 г. – одржа Намесничко свештеничко Собрание во просториите на Митрополијата;

28. 01. 2014 г., - го посети манастирот "Св. Прохор Пчински" и одржа работна средба со игуменот Гаврил, Настојател на манастирот;

05. 02. 2014 г. – одржа Состанок со ЕУО во просториите на Митрополијата;

06. 02. 2014 г. – одржа Состанок со Црковниот Суд во просториите на Митрополијата;

16. 02. 2014 г. – одржа Состанок со Црковниот Суд во просториите на Митрополијата.


8мн Ден
The Eighth Day